# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ВИКТИМИЗАЦИЈАТА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА



## ИЗВЕШТАЈ

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ВИКТИМИЗАЦИЈАТА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

# ИЗВЕШТАЈ

**Пол Игански**

**октомври 2023 година**

Автор: Проф. Др. Пол Игански

Превод од англиски: Катерина Иванишевиќ

Лектура: Јордана Шемко Георгиевска

Дизајн и печатење: Polyesterday, Скопје, 2023

Тираж: 20 примероци

ISBN: 978-92-9271-199-3

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## СТРЕМЕЖИ И ЦЕЛИ

- Овој извештај ги претставува клучните наоди од вториот бран на истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија, спроведено во јуни и јули 2023 година. Првиот бран беше спроведен во 2018 година.
- Користејќи ги истите прашања во двата брана, истражувањето се стреми да обезбеди посеопфатен преглед на потенцијалната виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза, во споредба со она што претходно било достапно од бројот на криминал од омраза наведен во официјалните податоци и податоците на невладините организации (НВО) за државата.
- Клучна цел беше да се обезбедат докази кои ќе помогнат во развојот на ефективни мерки што ќе одговорат и ќе се борат против криминалот од омраза, а ќе ги поддржат и напорите за застапување на граѓанските организации.

## ДИЗАЈН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- Бранот на истражувањето во 2018 година имаше за цел да го максимира потенцијалот да се доловат искуствата со виктимизација поради криминал од омраза на испитаниците. Целта на бранот на истражувањето во 2023 година беше да се постигне порепрезентативен примерок на испитаници врз основа на неодамнешниот попис на населението во 2021 година.
- Примерокот од 1.510 испитаници во 2018 година беше избран од 18 општини со најголема етничка разновидност поради разбирањето дека стапките на криминал од омраза се поголеми во областите со поголема разновидност на населението. Бранот на истражувањето во 2023 година опфати вкупно 67 општини и регрутираше примерок од 1.614 испитаници.
- Двата брана на истражувањето користеа дизајн на примерок со квота.
- Беа спроведени самоинтервјуа со помош на таблет (Tablet assisted self-interviews - TASI) во кои испитаниците пополнуваа прашалник користејќи таблет компјутер обезбеден од интервјуерот.
- Испитаниците беа регрутирани на јавни места, на локации и во време одбрани за да се добие примерок што ќе претставува пресек на населението.

## ПОТЕНЦИЈАЛНА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

- Наодите од истражувањето за потенцијалната виктимизација поради криминал, генерално откриваат впечатлива сличност во стапките на виктимизација во 2018 и 2023 година.
- Постојат одредени индикации за движење во насока на мал пад на вкупните стапки на виктимизација поради криминал воопшто.
- Стапките на виктимизација за повеќето конкретни кривични дела за кои беше прашано во истражувањето, се чини дека се многу малку намалени од 2018 година, но повеќето од разликите не покажуваат промена кога се оценуваат според стандардите на статистичка веројатност.

## ПОТЕНЦИЈАЛНА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

- Наодите од истражувањето за потенцијалната виктимизација поради криминал од омраза, укажуваат на многу поголема распространетост отколку што е предложено од официјалните податоци и податоците на НВО, за двата брана на истражувањето.
- Нема промена во севкупната стапка на потенцијална виктимизација поради криминал од омраза помеѓу 2018 и 2023 година.
- Стапката на потенцијална виктимизација поради криминал од омраза за испитаниците во 2023 година како група од општините опфатени во истражувањето во 2018 година е повисока од севкупната стапка за испитаниците во истражувањето во 2023 година од другите општини и нема очигледна промена во стапката на виктимизација од 2018 година. Ова го поддржува образложението за изборот на општини во 2018 година дека областите со поголема етничка разновидност ќе доживеат поголема стапка на виктимизација поради криминал од омраза.
- Моделот на воочени различни мотивации од пристрасност за криминал од и инциденти на омраза е исто така сличен помеѓу брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година. Сепак, постои една важна разлика од истражувањето во 2018 година. Процентот на потенцијален криминал од и инциденти на омраза со воочена политичка пристрасност, е намален.
- Непознати лица биле најчестиот вид сторители на криминал од омраза.
- Многу малку од жртвите на криминал од омраза кажале дека сторителот бил член на екстремистичка група.

## ВИКТИМИЗАЦИЈА СПОРЕД КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЖРТВАТА

- Истражувањето во 2023 година не укажува на разлика во севкупните стапки на виктимизација поради криминал помеѓу мажите и жените. Меѓутоа, тоа потенцијално покажува намалување на севкупната стапка на виктимизација поради криминал кај мажите во споредба со истражувањето во 2018 година.
- Не постои разлика помеѓу жените и мажите во севкупната стапка на потенцијална виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза во бранот на истражувањето во 2023 година. Ист е случајот и во 2018 година. Исто така, нема очигледна промена во стапките на потенцијална виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза помеѓу двете истражувања.
- Било поверојатно поголем дел од испитаниците со попреченост од општините опфатени во 2018 година во бранот на истражувањето во 2023 година да пријават дека биле жртва на потенцијален криминал или инцидент во претходните 12 месеци во споредба со испитаниците со попреченост во бранот на истражувањето во 2018 година.
- Ист е случајот со потенцијалната виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза – што укажува на зголемување помеѓу двата брана на истражувањето.
- Стапките на потенцијална виктимизација поради криминал од омраза останаа непроменети помеѓу двата брана на истражувањето за испитаниците Албанци како група, а исто така и за испитаниците Македонци.
- Сепак, за потенцијалната виктимизација поради криминал воопшто, има пад на стапката на виктимизација за испитаниците Албанци како група од 2018 година, додека стапката остана непроменета за испитаниците Македонци.

## ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ПОЛИЦИЈА

- Било поверојатно потенцијалните кривични дела и инциденти со воочена мотивација од пристрасност да бидат пријавени во полиција за некои видови кривични дела – вербални напади и индиректна виктимизација, во споредба со оние без мотивација од пристрасност.

## ПОСТВИКТИМИЗАЦИЈА И ЗАГРИЖЕНОСТ ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

- Било повеќе од двојно поверојатно жртвите на криминал од омраза како група, за разлика од жртвите на друг криминал, да наведат дека имале значителни проблеми со членовите на семејството или пријателите како последица на нивното искуство со криминал од омраза.
- Било поверојатно жртвите на криминал од омраза како група да се изјаснат за поствиктимизациските психолошки влијанија, отколку жртвите на друг криминал.
- Постои надолен тренд на загриженоста за потенцијалната виктимизација поради криминал помеѓу 2018 и 2023 година. Ова е случај за секој индикатор на загриженост за испитаниците кои не биле жртви на криминал и оние кои биле жртви на криминал или инциденти за кои не сметале дека биле мотивирани од пристрасност во изминатите 12 месеци.
- Исто така, постои надолен тренд на загриженоста за потенцијалната виктимизација поради криминал помеѓу 2018 и 2023 година за жртви на криминал од и инциденти на омраза за повеќето индикатори.

# СОДРЖИНА

Извршно резиме . . . . . . . . . . 3

1. ВОВЕД . . . . . . . . . . 8

2. ДИЗАЈН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО . . . . . . . . . . 9
Дизајн на примерокот . . . . . . . . . . 9
Избор на примерокот . . . . . . . . . . 9
Теренска работа . . . . . . . . . . 10
Прашалник за интервјуто . . . . . . . . . . 11
Дефинирање на „криминал од омраза“ во истражувањето . . . . . . . . . . 11
Презентација на резултатите од истражувањето во овој извештај . . . . . . . . . . 12

3. ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ . . . . . . . . . . 14
Вкупни стапки на виктимизација . . . . . . . . . . 14
Доживеани видови криминал . . . . . . . . . . 15
Заклучоци: Споредба на вкупните стапки на виктимизација поради криминал во 2018 и 2023 година . . . . . . . . . . 19

4. ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА . . . 20
Вкупни стапки на виктимизација поради криминал од омраза . . . . . . . . . . 20
Виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза според видот на криминал . . . . . . . . . . 20
Број на криминал од и инциденти на омраза . . . . . . . . . . 21
Мотивација од пристрасност . . . . . . . . . . 23
Индикатори за пристрасност . . . . . . . . . . 25
Сторители . . . . . . . . . . 26
Заклучоци: споредување на стапките на виктимизација поради криминал од омраза во 2018 и 2023 г. . . . . . . . . . . 27

5. ВИКТИМИЗАЦИЈА СПОРЕД КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЖРТВАТА . . . . . . . . . . 28
Вкупни стапки на виктимизација според род . . . . . . . . . . 28
Род и виктимизација поради криминал од омраза . . . . . . . . . . 28
Возраст и виктимизација поради криминал . . . . . . . . . . 29
Возраст и виктимизација поради криминал од омраза . . . . . . . . . . 29
Попреченост и стапки на виктимизација . . . . . . . . . . 30
Попреченост и виктимизација поради криминал од омраза . . . . . . . . . . 31
Етничка припадност и виктимизација . . . . . . . . . . 31
Религија и виктимизација . . . . . . . . . . 32
Сексуална ориентација и виктимизација . . . . . . . . . . 32

6. ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ПОЛИЦИЈА . . . . . . . . . . 34
Стапки на пријавување . . . . . . . . . . 34
Стапки на пријавување според вид на криминал . . . . . . . . . . 34
Причини за непријавување на криминал и инциденти во полиција . . . . . . . . . . 36

7. ПОСТВИКТИМИЗАЦИСКО ВЛИЈАНИЕ И ЗАГРИЖЕНОСТ ПОРАДИ КРИМИНАЛ . . . 37
Засегнатост со виктимизација поради криминал . . . 37
Социоемоционално влијание . . . 38
Психолошко влијание . . . 38
Загриженост поради потенцијална виктимизација поради криминал . . . 39
8. ЗАКЛУЧОЦИ . . . 42


Список на слики и табели

**СЛИКИ**


Слика 1: Процент на испитаници кои доживеале најмалку една навреда, вербален напад или закана по сигурноста во изминатите 12 месеци ... 15
Слика 2: Процент на испитаници кои доживеале најмалку еден чин на криминал против имот во изминатите 12 месеци ... 16
Слика 3: Процент на испитаници на кои им било одбиено медицинска помош кога им била потребна најмалку еднаш во изминатите 12 месеци ... 17
Слика 4: Процент на испитаници кои доживеале најмалку еден физички или сексуален напад во изминатите 12 месеци ... 17
Слика 5: Процент на испитаници кои биле противправно лишени од слобода најмалку еднаш во изминатите 12 месеци ... 18
Слика 6: Процент на испитаници кои доживеале индиректна виктимизација најмалку еднаш во изминатите 12 месеци ... 19
Слика 7: Процент на испитаници кои доживеале најмалку еден потенцијален чин на криминал од или инцидент на омраза во изминатите 12 месеци според вид на криминал ... 21
Слика 8: Бројки на потенцијални чинови на криминал од и инциденти на омраза според вид на криминал: истражување во 2023 г. ... 22
Слика 9: Процент на жртви кои навеле мотивација од пристрасност според категорија на криминал 23
Слика 10: Мотивации од пристрасност забележани од жртвите на криминал од омраза ... 24
Слика 11: Индикатори на пристрасност за етнички, расни или национални ... потенцијални кривични дела од и инциденти на омраза, 2023 г. ... 26
Слика 12: Виктимизација поради криминал според возрасна група ... 29
Слика 13: Виктимизација поради криминал според возрасна група ... 30
Слика 14: Психолошко влијание од виктимизација поради криминал од омраза ... 39
Слика 15: Загриженост поради криминал ... 41


**ТАБЕЛИ**


Табела 1. Сторители на криминал од и инциденти на омраза и друг криминал и инциденти ... 27
Табела 2: Етничка припадност и потенцијална виктимизација ... 32
Табела 3: Испитаници во истражувањето според сексуална ориентација во 2018 и 2023 г. ... 33
Табела 4: Жртви кои не ги пријавиле кривичните дела или инцидентите кои ги доживеале во полиција – според мотивација од пристрасност и категорија на криминал ... 35
Табела 5: Причини зошто најсериозните кривични дела не биле пријавени во полиција ... 36
Табела 6: Засегнатост со виктимизација поради криминал ... 37
Табела 7: Социоемоционални проблеми по виктимизацијата поради криминал ... 38
Табела 8: Загриженост поради потенцијална виктимизација поради криминал ... 40

# 1. ВОВЕД

Овој извештај ги претставува резултатите од вториот бран на истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија, спроведено во јуни и јули 2023 година. Првиот бран на истражувањето во 2018 година беше уникатен. Тоа беше првото истражување што имаше за цел да го долови искуството со потенцијалната виктимизација поради криминал од омраза во државата. Тоа беше и првото истражување за криминал од омраза за земјите од регионот на Балканот кои не се земји членки на Европската унија. Вториот бран го продолжува уникатниот придонес на истражувањето за разбирање на криминалот од омраза во Северна Македонија. Тој дава ажуриран преглед за распространетоста на потенцијалниот криминал од омраза. Исто така, овозможува евалуација на потенцијалните промени од 2018 година.

Истражувањето дава посеопфатен преглед на потенцијалната виктимизација поради криминал од омраза во државата, во споредба со прегледот од достапните официјални податоци и податоците на НВО – преку проценка на искуствата на низа различни заедници од мнозинскиот и малцинскиот социјален идентитет, врз основа на етничка припадност, религија, сексуална ориентација, попреченост и политички убедувања.

Клучна цел е да се обезбедат докази кои ќе помогнат во развојот на ефективни мерки што ќе одговорат и ќе се борат против криминалот од омраза, а ќе ги поддржат и напорите за застапување на граѓанските организации.[1] Споредбата на наодите од врановите на истражувањето во 2018 и 2023 година, исто така, дава информации за евалуација на мерките преземени во изминатите пет години за решавање на проблемот со криминалот од омраза.

Извештајот е организиран во осум делови. По овој воведен дел, наведени се неколку клучни методолошки прашања во врска со дизајнот на истражувањето, како и анализата на податоците за да даде информации за толкувањето на резултатите од истражувањето. Потоа се дадени посебни делови за: распространетост на виктимизација поради криминал; распространетост на виктимизација поради криминал од омраза; виктимизација поради криминал од омраза според карактеристиките на жртвите; пријавување во полиција; и загрижености за криминал. Наодите од истражувањата во 2018 и 2023 година се споредуваат низ извештајот, со дадени коментари за сите забележани промени. Во последниот дел се претставени заклучоците од извештајот.

1 ОБСЕ ОДИХР предлага: „Алатките кои ги мерат непријавените криминал од омраза и нивното влијание врз жртвите, можат да обезбедат подобар показател за вистинскиот обем на криминал од омраза, како и вредни информации за влијанието на криминалот од омраза врз жртвите. Тие можат да идентификуваат одредени заедници кои се изложени на ризик и да обезбедат информации за променливите модели на насилство. Тие можат да помогнат да се процени нивото на доверба на заедницата во полицијата и во други агенции за кривична правда. Сето ова знаење може да помогне да се подобри планирањето, превентивното дејствување и одговорот. „Механизми за собирање и следење податоци за криминал од омраза. Практичен водич“, (2014 г.: Варшава: ОБСЕ/ОДИХР, стр. 33).

# 2. ДИЗАЈН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## ДИЗАЈН НА ПРИМЕРОКОТ

Бранот на истражувањето во 2018 година имаше за цел да го максимизира потенцијалот да се доловат искуствата со виктимизација поради криминал од омраза на испитаниците. Примерокот беше избран од 18 општини со најголема етничка разновидност поради разбирањето дека стапките на криминал од омраза се поголеми во областите со поголема разновидност на населението.[2] Целта на бранот на истражувањето во 2023 година беше да се постигне порепрезентативен примерок на испитаници врз основа на неодамнешниот попис на населението во 2021 година.[3] Затоа, бранот од 2023 година ги вклучи 18-те општини од истражувањето опфатени во 2018 година, но го прошири опсегот на истражувањето за да опфати вкупно 67 општини.

Двата брана на истражувањето користеа дизајн на примерок со квоти. Буџетските ограничувања го ограничуваат потенцијалот за национално истражување со случаен примерок, дури и пред да се разгледа достапноста на соодветни рамки за земање примероци за такво истражување. Трошоците ескалираат кога се бара да се истражуваат низа различни заедници од мнозински и малцински социјални идентитети, што е уште една цел на истражувањето за криминалот од омраза.

Примероците со квота обезбедуваат економичен дизајн за избор на примероци. Исто така, може да биде многу веродостоен дизајн кога се повторуваат истражувањата со текот на времето, како што е прикажано со споредбите во овој извештај на наодите од двата брана на истражувањето за криминал од омраза.

## ИЗБОР НА ПРИМЕРОКОТ

Големината на примерокот на испитаници во секоја општина и регионите во кои се наоѓаат општините, беше пропорционална на населението на општината и регионот како процент од вкупното население во државата. За примероците со квота:

- Примерокот за секоја општина беше поделен пропорционално според етничкиот состав на општината (Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци и други).
- Во секоја општина, 60% од примерокот во бранот на истражувањето во 2023 година беа мажи, а 40% жени (во 2018 година - 75% беа мажи, а 25% жени). Целта на преголемата застапеност на мажите беше да се долови што е можно посеопфатна слика на виктимизацијата поради криминал, имајќи предвид дека мажите е малку поверојатно од жените да бидат жртви на насилни кривични дела на јавни места и кривични дела против јавниот ред – видовите на кривични дела кои најчесто стануваат отежнати како криминал од омраза.

2  Игански, П. (2007 г.) Криминал од омраза и градот, Бристол, ОК: Полиси Прес. (Види Поглавје 3: „Просторната динамика на секојдневниот криминал од омраза“, Бристол: Полиси Прес, стр. 45-71.

3 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2022 г.) Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во Република Северна Македонија, Попис 2021 г., Скопје: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_EN.pdf

- Помладите возрасни групи, исто така, беа презастапени во споредба со постарите возрасни групи во двата брана на истражувањето – исто така, за да се долови што е можно посеопфатна слика за потенцијалната виктимизација поради криминал. Младите возрасни мажи имаат најголема веројатност да бидат жртви на насилство, а стапката на виктимизација опаѓа со возраста. Во истражувањето во 2023 година беше избран двојно поголем процент од националното население на возраст од 15 до 19 години, од 20 до 24 години и од 25 до 29 години; еднаков процент на националното население на возраст од 30 до 39 години; и половина од националното население избрано за постарите возрасни групи. Истите проценти по возраст беа избрани во бранот на истражувањето во 2018 година.

## ТЕРЕНСКА РАБОТА

Теренската работа за двата брана на истражувањето беше спроведена од страна на компанијата од Северна Македонија, БРИМА[4] – со приближно 51 интервјуер, кои зборуваат македонски и албански јазик, со претходно искуство со бранот во 2023 година.

Интервјуерите им пристапија на 1.792 лица за бранот на истражувањето во 2023 година: 178 одбија да бидат интервјуирани (10%), а 1.614 испитаници на 15-годишна возраст и постари учествуваа во истражувањето. Стапката на одбивање за бранот во 2018 година беше малку повисока - на 12,9%.

Следната изјава беше искористена во двата брана на истражувањето:

- Добро утро/ден/вечер, јас се викам ________________ и работам за БРИМА. Во моментов спроведуваме истражување чија цел е да се добие разбирање за распространетоста на кривичните дела за кои жртвите сметаат дека биле мотивирани од омразата или предрасудите на сторителот кон нив. Ќе бидете прашани за причини како што се: етничко, расно или национално потекло, особено поради верска припадност, конкретно поради физичка или ментална попреченост, особено поради сексуална ориентација и родов идентитет, а особено поради политички убедувања. Лицето го избираме по случаен избор. Одговорите од истражувањето се строго доверливи, во согласност со меѓународните стандарди за истражување. Вашите лични податоци наведени во овој Прашалник ќе ги обработува БРИМА ДОО Скопје, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и за целите на ова истражување.

Со оглед на чувствителната природа на некои од прашањата од истражувањето, се спроведуваше самоинтервјуирање со помош на таблет *(Tablet Assisted Self-interviews – TASI)*, во кое испитаниците пополнуваа претходно кодиран прашалник за истражувањето со помош на таблет обезбеден од интервјуерот. Водењето низ прашалникот беше предводено од одговорите на испитаниците. Прашалникот беше достапен на македонски и на албански јазик. Интервјуерите беа присутни за да одговорат на секое прашање на испитаниците во врска со сите потребни појаснувања за формулацијата на прашањето.

Интервјуата се спроведуваа во текот на денот, вклучително и раните вечерни часови и викендите за да се опфатат потенцијалните испитаници кои преку денот биле на работа, на училиште или на факултет.

Испитаниците беа регрутирани на јавни места, на локации одбрани за да се добие примерок на пресек на населението – во близина на железнички станици, автобуски станици, пошти, здравствени домови и болници, трговски центри и кина. Исто така, на интервјуерите им беше посочено да одат на одредени места или населби каде што би можеле да ги најдат

4 Види: https://www.kantartns-see.com/locations-in-south-east-europe/north-macedonia/

своите целни групи – како што се малцинства или лица од одредени етнички групи и одредени возрасни групи, на пример за да ги пополнат своите квоти.

## ПРАШАЛНИК ЗА ИНТЕРВЈУТО

Пред да се спроведе теренската работа за истражувањето во 2018 година, се спроведе пилот на регрутирање на испитаниците и на пополнување на прашалникот, под истите услови какви што беа планирани за истражувањето. Истиот прашалник беше користен во двата брана на истражувањето во 2018 и 2023 година. Прашањата беа организирани во пет модули – за испитаникот:

- Демографски информации.
- Загриженост за криминал.
- Искуство со потенцијална виктимизација поради криминал, фокусирајќи се на 11 различни видови криминал.
- Најсериозниот потенцијален чин на криминал кој бил доживеан.
- Влијание на најсериозниот потенцијален чин на криминал кој бил доживеан.

Референтниот период од претходните 12 месеци пред интервјуто беше искористен за сите прашања во врска со искуството со криминал.

## ДЕФИНИРАЊЕ НА „КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА“ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

„Криминалот од омраза“ се дефинира од Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР) како „злосторства мотивирани од пристрасност или предрасуди кон одредени групи луѓе“.[5] Овие две компоненти на криминал од омраза – кривичен дело и мотивација од пристрасност – се исто така специфицирани со Кривичниот законик на Северна Македонија (изменет во 2018 година). Во него се наведува дека: „Криминалот од омраза... е извршен целосно или делумно поради реална или претпоставена (имагинарна, шпекулативна) карактеристика или поврзаност на личноста и се однесува на расата, бојата на кожата, националноста, етничкото потекло, религијата или убедувањето, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко убедување.“ (Член 122 [42]). Овие „карактеристики“ или „поврзувања“ на лица, беа користени за мерење на потенцијалниот криминал од омраза во брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година за криминал од омраза во Северна Македонија.

За секој од единаесетте специфични видови криминал за кои беше прашано во истражувањето[6], испитаниците кои посочиле дека биле жртва на криминал во изминатите 12 месеци, во понатамошните прашања беа прашани дали мислат дека тоа се случило делумно или целосно поради нивното:

- Етничко, расно или национално потекло;
- Верско потекло;

5 https://hatecrime.osce.org/

6 Анализата на истражувањето во 2018 г. користеше осум од единаесетте специфични видови криминал. Анализата на податоците од 2023 г. ги користи сите единаесет специфични видови криминал за кои беше прашано во истражувањето за да се обиде да ги долови сите кривични дела и инциденти од омраза забележани од испитаниците, без исклучок. Сите споредби на потенцијалната виктимизација поради криминал и инциденти помеѓу брановите на истражувањето во 2018 и 2023 г., ги користат единаесетте специфични видови криминал.

- Политички убедувања;
- Сексуална ориентација или родов идентитет (доколку навеле дека нивната сексуална ориентација е друго освен „хетеросексуалец“);
- Физичка или ментална здравствена состојба или заболување (доколку навеле дека имале физичка или ментална здравствена состојба или заболување кое траело или се очекувало да трае 12 месеци или повеќе).

Дополнително, за најсериозните кривични дела кои ги навеле испитаниците при испрашувањето, тие беа дополнително прашани: „Дали мислите дека... (тоа)... се случи делумно или целосно затоа што сте жена?“

Кривичните дела поврзани со позитивни одговори на кое било од овие прашања, се класифицирани во извештајов како „потенцијален криминал од и инциденти на омраза“, а другите кривични дела за кои не се смета дека биле мотивирани од пристрасност - се нарекуваат „потенцијален криминал и инциденти“.[7] Употребата на зборот „потенцијален“ признава дека во пракса, на крајот, судовите се оние кои ја обезбедуваат потврдата. Понатаму, додавањето на зборот „инциденти“, признава дека не сите појави на виктимизација наведени од страна на испитаниците во истражувањето, ќе преставуваат кривични дела како што е дефинирано во Кривичниот законик на Северна Македонија. Од податоците на истражувањето, не може правно да се потврди дали инцидентите наведени од испитаниците се квалификуваат како кривични дела според Законот. Но, ова е заедничко со истражувањата за виктимизација поради криминал на меѓународно ниво.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ВО ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ

За пресметување на резултатите од истражувањето, беше применето пондерирање за да се коригира статистиката на примерокот од 2023 година според параметрите на населението за етничка група, пол, возраст, региони и урбана/рурална локација, според пописот од 2021 година, користејќи *RIM* пондерирање. Примерокот од 2018 година беше пондериран според податоците од попис од 2002 година. Сите презентирани резултати се пондерирани резултати, освен кога се презентирани случаи на вистински доживеан криминал. Како што е вообичаено кога се известува за наодите од истражувањето на примероци со квота, пондерираните проценти и непондерираниот број на испитаници *(n)* од кои се изведени процентите, се презентирани за резултатите за кои се известува.[8]

Постои консензус меѓу социјалните истражувачи дека неслучајниот избор на испитаници преку примероци со квота ја спречува генерализацијата на наодите од истражувањето надвор од испитаниците на истражувањето. Ова е затоа што проценките на населението или генерализацијата на наодите се поткрепени со премисата за случајно земање примероци, бидејќи таквиот пристап ја избегнува пристрасноста при изборот на примерокот. Се смета

7 Според Кривичниот законик на Северна Македонија од 2018 г., дополнително е вклучено зголемување на казните во случаите кои вклучуваат мотивација на омраза за: Убиство (член 123); Принуда (член 139); Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување (член 142); Полов напад на немоќно лице (член 187); Сексуален напад врз дете кое не наполнило 14 години (член 188); Вооружен грабеж (член 238); Изнуда (член 258); Предизвикување омраза, раздор или нетолеранција по национална, расна, верска или која било друга дискриминаторска основа (член 319); Учество во толпа што ќе изврши кривично дело (чинови на насилство) (член 385); Ширење расистички и ксенофобичен материјал преку информациски системи (член 394-г); Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства (член 407-а); Расна или друга дискриминација (член 417);

8 За логиката на овој пристап види: Тим Бок „Правилниот третман на земање пондерирани примероци во статистички тестови“ ДИСПЛЕЈ, https://www.displayr.com/the-correct-treatment-of-sampling-weights-in-statistical-tests/ Последен пат пристапено на: 16.8.2023 г.

дека земањето примероци со квота е пристрасно кон луѓе кои се подготвени, лесно достапни и заинтересирани за темата.[9] Ова е проблематично ако тие се разликуваат како група од остатокот од населението во однос на предметите на истражувањето.

И покрај тоа што пондерирањето на брановите на истражувањето за криминал од омраза од 2018 и 2023 година ги приспособи примероците за повеќе да наликуваат на населенијата од кои се земени примероците на испитаниците, премисата за случајно земање примероци, сè уште е дека резултатите од примероци со квота без веројатност не можат да бидат генерализирани.

Сепак, пондерираните наоди од истражувањето презентирани во овој извештај, се сведоштво за силната страна на дизајнот на примероците со квота употребени за истражувањето. На многу од прашањата поставени на испитаниците, резултатите од брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година, се неверојатно слични. Затоа, резултатите од истражувањето може да се толкуваат како потенцијално индикативни за поширокото население надвор од испитаниците во истражувањето – што ќе биде од интерес за многу од читателите на овој извештај.

За да се помогне при толкувањето на наодите од истражувањето, се следат одредени конвенции врз основа на известувањето за резултатите од истражувањата по случаен избор. Бидејќи резултатите кои се засновани на мал број одговори во едно истражување се помалку веродостојни од другите, практиката што ја користи Агенцијата за фундаментални права на ЕУ (ФРА) во извештаите за истражувањето *EUMIDISII*[10] е прилагодена за овој извештај:

- Резултатите засновани на 20 до 49 непондерирани броеви на испитаници вкупно во групата или врз основа на полиња со помалку од 20 непондерирани испитаници, се забележани во загради.
- Резултатите засновани на помалку од 20 непондерирани испитаници вкупно во групата не се презентирани (со само неколку исклучоци – за индикативни цели, кои се забележани онаму каде што е применливо).

Бидејќи истражувањата со примерок интервјуираат само дел од населението, тие се предмет на грешка при земањето примероци. Тестовите од статистичка значајност, вообичаено се применуваат на резултатите од истражувањето за да се утврди дали забележаните разлики помеѓу групите на население треба да се сметаат како реални разлики во вкупното население – со 95% веројатност во опсегот на статистичката варијација.

Имајќи предвид дека резултатите од истражувањето за криминалот од омраза во Северна Македонија се изведени од примероци со квота по случаен избор, сепак, тестовите од статистичка значајност, не се рутински обезбедени за резултатите дадени во овој извештај – бидејќи клучната претпоставка зад тестирањето на значајноста е резултатите да се засноваат на случаен примерок на испитаници. Сепак, за помош при толкувањето на некои клучни забележани разлики помеѓу подгрупите на испитаници или помеѓу брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година, дадени се коментари за тоа дали тие разлики би се потврдиле со тестови од статистичка значајност доколку примероците биле изведени од случаен примерок.

9 За корисен преглед на академската литература на оваа тема, види: Кеминг Јанг и Ахмад Банамах (2014 г.) „Квотно земање примероци како алтернатива за земање примероци на веројатност? Експериментална студија“, Социолошки истражувања онлајн, 19(1), стр. 56-66: https://journals.sagepub.com/doi/abs/10.5153/sro.3199

10 Агенција за фундаментални права на Европската Унија, Второ истражување за малцинствата и дискриминацијата на Европската Унија. Главни резултати (Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2017 г., стр. 116): https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2017-eu-midis-ii-main-results_en.pdf

# 3. ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

## ВКУПНИ СТАПКИ НА ВИКТИМИЗАЦИЈА

За да се добие разбирање за распространетоста на криминалот од омраза, испитаниците беа прашани за потенцијалната виктимизација поради криминал воопшто, а потоа и за каква било забележана мотивација од пристрасност за доживеаниот потенцијален криминал и инциденти. Разгледувањето прво на ова општо искуство со криминал во овој дел дава корисен контекст за испитување на наодите за криминалот од омраза во следниот дел од извештајот.

Како почетна точка за поставување на прашањата за искуствата со виктимизација поради криминал воопшто, сите испитаници во истражувањето беа прашани: „Дали сте биле жртва на криминал во текот на изминатата година во државата?“. Речиси една четвртина (24%) од испитаниците во бранот во 2023 година, одговориле дека биле жртва на криминал, во споредба со една третина (33%) од бранот на истражувањето во 2018 година. Дел од разликата се отстранува ако се фокусираме само на испитаниците од осумнаесетте општини опфатени во бранот на истражување во 2018 година. Сепак, разликата сè уште останува, бидејќи 28,4% од испитаниците во 2023 година од општините опфатени во 2018 година, изјавиле дека биле жртва на криминал во изминатата година. Според оваа широка мерка, постојат индикации за можен пад на вкупната стапка на потенцијална виктимизација поради криминал од 2018 година. Ова се чини дека одговара на малиот надолен тренд на криминал во изминатите неколку години, како што е наведено од официјалната статистика за бројот на возрасни сторители на криминал, иако најновиот број во 2022 година е само маргинално помал од оној од 2018 година.[11]

За да се овозможи подобро разбирање на искуствата со виктимизација на испитаниците, дополнителните прашања од истражувањето за виктимизација поради криминал беа ограничени на единаесет различни видови кривични дела.[12] Единаесетте категории на кривични дела првично беа избрани за истражувањето во 2018 година, бидејќи работната група на Министерството за правда во тоа време предложи измени на Кривичниот законик, со цел да се вклучи засилување на казните за секое од кривичните дела во случаи во кои е вклучена мотивација од омраза.[13] За да се овозможи споредливост помеѓу брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година, беа задржани специфични прашања за истите единаесет категории

11 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија https://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS_en.aspx?id=6 (Последен пат пристапено на: 21.08.23 г.).

12 „Дали некој ви го украл имотот или ве ограбил во текот на изминатата година?” (ВПК1); „Дали некој ја загрозил вашата сигурност во текот на изминатата година?” (ВПК2); „Дали некој ве навредувал или вербално ве нападнал во текот на изминатата година?” (ВПК3); „Дали некој физички ве нападнал (со исклучок на грабеж) без да ви предизвика телесна повреда во текот на изминатата година?” (ВПК4); „Дали некој физички ве нападнал (со исклучок на грабеж) предизвикувајќи ви телесна повреда во текот на изминатата година?” (ВПК5); „Дали некој сексуално ве нападнал или силувал во текот на изминатата година?” (ВПК6); „Дали некој противправно ве лишил од слобода во текот на изминатата година?” (ВПК7); „Дали некој го оштетил вашиот имот во текот на изминатата година?” (ВПК8); „Дали сте биле засегнати од некој што осквернавил гроб во текот на изминатата година?” (ВПК9); „Дали сте биле засегнати од некој што спречил или смеќавал јавен собир во текот на изминатата година?” (ВПК10); „Дали ви беше одбиена медицинска помош кога ви била потребна во текот на изминатата година?” (ВПК11).

13 Според последователно изменетиот Кривичен законик на Република Северна Македонија, единаесетте категории на кривични дела се опфатени со: Телесна повреда (член 130); Тешка телесна повреда (член 131); Противправно лишување од слобода (член 140); Загрозување на сигурноста (член 144); Спречување или смеќавање на јавен собир (член 155); Силување (член 186); Неукажување медицинска помош (член 208); Тешка кражба (член 236); Разбојништво (член 237); Оштетување туѓи предмети (член 243); Насилство (член 386); Скврнавење (член 400).

на кривични дела за бранот од 2023 година и беа искористени за споредба на стапките на потенцијалната виктимизација.

За единаесетте категории на кривични дела заедно, 22,5% од испитаниците во 2023 година пријавиле дека доживеале барем еден потенцијален криминал или инцидент во изминатите 12 месеци – повторно пониско од бранот на истражувањето во 2018 година, каде што 32,2% од испитаниците пријавиле дека доживеале барем еден од единаесетте видови кривични дела. Меѓутоа, разликата е значително намалена за испитаниците во 2023 година од осумнаесетте општини опфатени во истражувањето во 2018 година – 28% во 2023 година, иако преостанатата очигледна разлика укажува на мала промена помеѓу двете истражувања за единаесетте категории на кривични дела заедно кога се оценуваат според стандардите на статистичка веројатност.

## ДОЖИВЕАНИ ВИДОВИ КРИМИНАЛ

### *Вербални напади*

Вербален напад од каков било облик беше најверојатниот вид виктимизација што го наведоа испитаниците во 2018 и 2023 година. Сите испитаници беа прашани „Дали некој ве навредувал или вербално ве нападнал во текот на изминатата година?“. Навредите се опфатени во кривичното дело „Насилство“ (член 386) од Кривичниот законик (изменет во 2018 година), кој прецизира дека: „Тој којшто друг малтретира, грубо навредува, ја загрозува неговата сигурност или врши врз него грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, ќе се казни со затвор од три месеци до три години“. Не може да се утврди колку од испитаниците биле „грубо“ навредени (според прагот за навреди како што е наведено во Кривичниот законик), бидејќи во истражувањето не беше прашано за начинот на навредите. Меѓутоа, при користење на широката мерка на навреда или вербален напад на прашањето, многу повеќе од 1 од 20 (7,8%) од испитаниците во 2023 година навеле дека доживеале навреда, при што некои навреди би можеле да се сметаат за кривично дело, зголемувајќи се на 1 од 10 (10,1%) за испитаниците во истражувањето во 2023 година од општините опфатени во 2018 година во споредба со 11,7% за истражувањето во 2018 година (слика 1). Во однос на статистичката веројатност, сепак, малата преостаната забележителна разлика, не претставува промена помеѓу двата брана на истражувањето.

*Слика 1: Процент на испитаници кои доживеале најмалку една навреда, вербален напад или закана по сигурноста во изминатите 12 месеци*




Заканите се посебно опфатени со кривичното дело „Загрозување на сигурноста“ (член 144) според Кривичниот законик. Тој наведува дека: „Тој којшто ќе ја загрози сигурноста

на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци“. Во истражувањето не беше прашано за сериозноста на која било од доживеаните закани. Општо земено, сите испитаници беа прашани: „Дали некој ја загрозил вашата сигурност во текот на изминатата година?“. Користејќи ја оваа широка мерка, мал дел, 1 од 40 испитаници, во 2023 година навеле дека доживеале потенцијална криминална закана. Стапката на виктимизација е повисока (3,7%) за испитаниците во 2023 година од општините опфатени во истражувањето во 2018 година. Но, очигледната разлика во споредба со бранот на истражување во 2018 година во врска со искуството со закани, не евидентира промена помеѓу 2018 и 2023 година кога се оценува според стандардите на статистичка веројатност.

### *Криминал против имотот*

Втората најчеста категорија на кривични дела што ја доживеале испитаниците, се однесува на кражба или грабеж на нивниот имот, или оштетување на нивниот имот. Според Кривичниот законик (изменет во 2018 година), овие дејства се опфатени со кривичните дела „Тешка кражба“ (член 236), „Разбојништво“ (член 237) и „Оштетување туѓи предмети“ (член 243). Приближно 1 од 20 испитаници во бранот на истражувањето во 2023 година доживеале барем еден од овие видови криминал (слика 2). Во случај на украден или ограбен имот, постои забележителен можен пад на стапката на потенцијална виктимизација помеѓу двете истражувања, бидејќи речиси 1 од 10 испитаници во 2018 година навел дека му бил украден или ограбен имотот во изминатите 12 месеци. Малиот пад на стапката на имотна штета, не докажува промена помеѓу 2018 и 2023 година кога се оценува според стандардите на статистичка веројатност.

*Слика 2: Процент на испитаници кои доживеале најмалку еден чин на криминал против имот во изминатите 12 месеци*




### *Одбивање медицинска помош*

Според член 208 од Кривичниот законик (став 1): „Лекар или друг здравствен работник кој спротивно на својата должност нема да му укаже неодложна медицинска помош на лице кое се наоѓа во опасност за животот, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година“.

*Слика 3: Процент на испитаници на кои им било одбиено медицинска помош кога им била потребна најмалку еднаш во изминатите 12 месеци*




Нешто повеќе од 1 од 20 (5,5%) од испитаниците во бранот на истражувањето во 2023 година од општините опфатени во 2018 година и идентичен дел од бранот во 2018 година, навеле дека им била одбиена медицинска помош кога им била потребна во изминатите 12 месеци (слика 3). Додека Законикот се однесува на одбивање медицинска помош на лице чиј живот е во опасност, сите испитаници во истражувањето беа прашани пошироко: „Дали ви беше одбиена медицинска помош кога ви била потребна во текот на изминатата година?“. Во врска со вклучувањето на членот за извршување на чин на криминал „од омраза“, испитаниците кои навеле дека им била одбиена медицинска помош, дополнително беа прашани за каква било мотивација од пристрасност зад можниот прекршок – како што е дискутирано во следниот дел од овој извештај.

### *Физички и сексуални напади*

Сите испитаници во истражувањето беа прашани: „Дали некој физички ве нападнал (со исклучок на грабеж) без да ви предизвика телесна повреда во текот на изминатата година?“ и „Дали некој физички ве нападнал (со исклучок на грабеж) предизвикувајќи ви телесна повреда во текот на изминатата година?“. Физичките напади со или без повреда се прогласени за незаконски со различни членови во Кривичниот законик, меѓу кои: „Телесна повреда“ (член 130), „Тешка телесна повреда“ (член 131) и „Чин на насилство“ (член 386).

*Слика 4: Процент на испитаници кои доживеале најмалку еден физички или сексуален напад во изминатите 12 месеци*



Испитаниците дополнително беа прашани: „Дали некој сексуално ве нападнал или силувал во текот на изминатата година?“. Кривичното дело силување е опфатено со член 186 од Кривичниот законик, а сексуален напад е опфатен со повеќе одредби од Законикот. Кривичниот законик, исто така, ги специфицира сексуалните кривични дела врз деца, но тие не беа предмет во истражувањето, бидејќи испитаниците беа на 15-годишна возраст и постари.

Имено, многу малку од испитаниците во истражувањето пријавиле дека биле физички нападнати, со или без повреда како резултат на тоа, или сексуално нападнати (слика 4). Покрај некои мали очигледни разлики, според стандардите на статистичка веројатност, нема промена во стапките на потенцијална виктимизација помеѓу 2018 и 2023 година.

## *Лишување од слобода*

Противправното затворање и лишување или ограничување на слободата на движење на лицата, е определено во член 140 од Кривичниот законик. Сите испитаници во истражувањето беа соодветно прашани: „Дали некој противправно ве лишил од слобода во текот на изминатата година?“

*Слика 5: Процент на испитаници кои биле противправно лишени од слобода најмалку еднаш во изминатите 12 месеци*




Имено, само многу мал дел од испитаниците во брановите на истражувањето во 2023 и 2018 година навеле дека биле противправно лишени од слобода во изминатите 12 месеци (слика 5). Стапките на виктимизација во 2018 и 2023 година не се разликуваат според стандардите на статистичка веројатност, и покрај малата очигледна разлика.

## *Индиректна виктимизација*

Секоја од категориите на кривичните дела дискутирани до оваа точка, вклучува директна виктимизација на лица или на нивниот имот. Две други кривични дела за кои беше прашано во истражувањето, може да се смета дека вклучуваат „индиректна виктимизација“, при што лицата биле засегнати индиректно од дејства што не биле преземени против нив лично или против нивниот личен имот. Во истражувањето беа опфатени два такви вида на кривични дела. Првото е кривичното дело „Сквернавење на гроб“ (член 400). Сите испитаници беа прашани: „Дали сте биле засегнати од некој што осквернавил гроб во текот на изминатата година?“. Вториот вид на кривично дело каде што беше прашано за индиректна виктимизација, се однесува на кривичното дело „Спречување или смеќавање јавен собир“ (член 155). Според Кривичниот законик, ова вклучува спречување или смеќавање на „свикување или одржување

мирен јавен собир... со сила, сериозна закана, измама или на друг начин“. За овој вид кривично дело, сите испитаници во истражувањето беа прашани: „Дали сте биле засегнати од некој што спречил или смеќавал јавен собир во текот на изминатата година?“.

Целта на овие прашања за индиректна виктимизација беше да се добие слика за понатамошни потенцијални кривични дела кои понекогаш вклучуваат мотивација од пристрасност кои не се подложни да бидат опфатени во истражувањата за виктимизација поради криминал на населението, бидејќи не вклучуваат директна интерперсонална виктимизација на испитаниците или на нивниот личен имот. Сепак, обелоденувањето на нивната појава е важно, бидејќи таквите кривични дела можат да имаат индиректно влијание врз луѓето со поттикнување на чувство на несигурност.

*Слика 6: Процент на испитаници кои доживеале индиректна виктимизација најмалку еднаш во изминатите 12 месеци*




Приближно 1 од 10 испитаници од општините опфатени во 2018 година во бранот на истражувањето во 2023 година, навеле дека биле засегнати од скврнавење на гроб во изминатите 12 месеци (слика 6). Овој процент е малку помал, но не се разликува статистички од 2018 година. Многу помал процент од испитаниците во 2023 година, навеле дека биле засегнати од спречување или смеќавање на јавен собир и, статистички, ова е потенцијален пад во споредба со бранот на истражувањето во 2018 година.

## ЗАКЛУЧОЦИ: СПОРЕДБА НА ВКУПНИТЕ СТАПКИ НА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ВО 2018 И 2023 ГОДИНА

Овој прв дел од наодите од истражувањето кои се однесуваат на потенцијалната виктимизација поради криминал воопшто, открива впечатлива сличност во стапките на виктимизација во 2018 и 2023 година. Не е очигледно дека има некои остри разлики во наодите помеѓу двата брана на истражувањето. Меѓутоа, кога се земаат предвид стапките на потенцијална виктимизација поради криминал за сите кривични дела заедно, постојат индикации за мал пад помеѓу 2018 и 2023 година. Во случај на конкретни кривични дела за кои беше прашано во истражувањето, на прв поглед, стапките на виктимизација за повеќето се чини дека се многу малку намалени од 2018 година, но, во повеќето случаи, разликите не покажуваат промена кога се оценуваат според стандардите на статистичка веројатност. Следниот дел од овој извештај ја продолжува споредбата помеѓу двата брана на истражувањето во однос на виктимизација поради криминал од омраза.

# 4. ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

## ВКУПНИ СТАПКИ НА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Користејќи ја класификацијата на потенцијален криминал од и инциденти на омраза наведени во делот „Дизајн на истражувањето“ од овој извештај, нешто помалку од еден од десет (8,5%) испитаници во истражувањето во 2023 година, рекол дека бил жртва на некоја форма на потенцијален криминал од и инцидент на омраза во изминатите 12 месеци. Стапката на виктимизација се зголемува на 14,7% за испитаниците во 2023 година како група од општините опфатени во истражувањето во 2018 година. Тоа е многу блиску до 15,2% од испитаниците во истражувањето кои биле жртви на потенцијален криминал од и инциденти на омраза, а кога ќе се процени според стандардите на статистичка веројатност, не претставува промена во стапката на потенцијална виктимизација поради криминал од или инцидент на омраза помеѓу двата брана на истражувањето.

## ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД И ИНЦИДЕНТИ НА ОМРАЗА СПОРЕД ВИДОТ НА КРИМИНАЛ

Стапките на виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза значително се разликуваат помеѓу различните видови криминал опфатени со истражувањето (слика 7). Најчестиот вид на потенцијален криминал од и инцидент на омраза што го доживеале испитаниците, вклучувал некаков вид навреда. Додека доказните индикатори за многу кривични дела ќе бидат очигледни за засегнатите лица – како што се закана, физички напад, кражба и оштетување на имот, оштетување и скврнавење на гробови, или спречување или смеќавање на јавен собир – индикаторите за кривична навреда нема да бидат толку очигледни. Како што беше забележано во претходниот дел на овој извештај, навредите се прогласени за незаконски под „Насилство“ (член 386 од Кривичниот законик [изменет во 2018 година]) во околности кога едно лице „грубо навредува“ друго. Сепак, како што исто така беше забележано, истражувањето не прашуваше за начинот или интензитетот на навредите, па затоа не може да се утврди колку од нив вклучувале „груби“ навреди. Според тоа, сосема е можно многу од навредите мотивирани од пристрасност забележани од испитаниците во истражувањето, да претставуваат инциденти на неучтивост, а не кривични дела според Законот.

*Слика 7: Процент на испитаници кои доживеале најмалку еден потенцијален чин на криминал од или инцидент на омраза во изминатите 12 месеци според вид на криминал*




Да се биде засегнат од оштетување или скврнавење на гроб, беше вториот најчест потенцијален криминал од и инцидент на омраза што го доживеале испитаниците во истражувањето. Иако „да се биде засегнат“ не е злосторство само по себе, тоа служи како корисен индикатор, бидејќи секое засегнато лице укажува на појава на кривично дело специфицирано со Кривичниот законик.

Земајќи го сето ова предвид, кога се споредуваат брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година, не постои очигледен единствен модел на промени во однос на стапките на согледана мотивација од пристрасност според категорија на криминал – како што би се очекувало, со оглед на тоа што нема очигледна промена помеѓу 2018 и 2023 година во вкупната стапка на потенцијална виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза. Иако има очигледен пад на стапката на навреди мотивирани од пристрасност од 2018 година, другите очигледни разлики или не докажуваат промена помеѓу двете истражувања кога се оценуваат според стандардите на статистичка веројатност или, пак, бројот на испитаници е премал за да се направи веродостојна споредба.

## БРОЈ НА КРИМИНАЛ ОД И ИНЦИДЕНТИ НА ОМРАЗА

Имајќи предвид дека брановите на истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија во 2018 и 2023 година се разликуваат во однос на нивниот број на испитаници и бројот на општини опфатени со истражувањето, не би било корисно да се споредат реалните бројки на потенцијален криминал од и инциденти на омраза забележани од испитаниците во двата брана. Сепак, корисно е да се направи споредба помеѓу бројките од истражувањето во 2023 година и официјалните бројки и бројките на НВО. Споредбата укажува на вистинската распространетост на криминалот од и инциденти на омраза надвор од овие бројки.

Според податоците објавени од Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), полицијата во Северна Македонија регистрирала само 22 инциденти на криминал од омраза во 2021 година[14] – најновата година за која се достапни објавени податоци

14 ОДИХР забележува дека: „22-та случаи пријавени од полицијата вклучувале 21 сторител. Бројките може да вклучуваат случаи на говор на омраза и дискриминација, кои спаѓаат надвор од дефиницијата за криминал од омраза на ОБСЕ.“ https://hatecrime.osce.org/north-macedonia

(со 125 обвиненија таа година).[15] Оваа бројка е пад во однос на 33-те инциденти евидентирани во 2018 година.[16] Податоците од невладини извори укажуваат на поголем број инциденти на криминал од омраза. Хелсиншкиот комитет за човекови права на Северна Македонија регистрирал вкупно 160 инциденти на (како што ги нарекува) „криминал од/инциденти на омраза" во 2022 година, првенствено врз основа на следење на извештаите за криминал во печатените и електронските медиуми – како што е забележано во нивниот неодамна објавен годишен извештај за криминал од омраза.[17] Во 2018 година, беа регистрирани 123 инциденти на криминал од омраза.[18] Надвор од овие бројки, истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија доловува поголем број криминал од и инциденти на омраза и укажува на појава на уште поголем број. Користејќи ги вистинските непондерирани бројки, испитаниците доживеале 172 кривични дела од и инциденти на омраза барем еднаш во изминатата година (слика 8), а некои од испитаниците биле виктимизирани повеќе од еднаш. Овој вкупен број ги надминува бројките доловени од официјалните податоци и податоците на НВО. Разликата станува остра кога ќе се земе предвид дека 172-те потенцијални кривични дела од и инциденти на омраза опфатени во истражувањето во 2023 година, се засноваат на искуството со виктимизација на само 1.614 испитаници од населението во Северна Македонија – што укажува на многу поголема распространетост на виктимизација поради криминал од омраза ако се земе предвид целото население.

*Слика 8: Бројки на потенцијални чинови на криминал од и инциденти на омраза според вид на криминал: истражување во 2023 г.*




Во полициските евидентирани податоци за криминал од омраза објавени од страна на ОДИХР за Северна Македонија, не се дадени индикации за видовите на доживеаниот криминал од омраза. Сепак, Хелсиншкиот комитет за човекови права забележува дека за потенцијалните кривични дела од омраза што ги регистрирал во 2022 година, поголемиот дел од нив вклучувале физичко насилство (116 случаи на „насилство" и 26 случаи на „телесни или

15 За податоците за обвинителството, ОДИХР забележува дека: „Евиденцијата за прогонети случаи претставува предмети кои се во постапка пред Основните судови; од вкупниот број, 118 случаи се во постапка пред Основниот кривичен суд Скопје." ибид.

16 ибид.

17 Наташа Петковска (2023 г.) Годишен извештај за криминал од омраза во 2022 г., Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права, стр. 84.

18 Хајди Штеарјова-Симоновиќ и Сања Барлаковска Велков (2019 г.) Годишен извештај за криминал од омраза во 2018 г., Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права, стр. 6.

тешки телесни повреди“).[19] И покрај ова, само мал процент од потенцијалните кривични дела од и инциденти на омраза пријавени во истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија во 2023 година, вклучувале физичко насилство со или без повреда како последица на тоа (ист е случајот и во 2018 година).[20]

## МОТИВАЦИЈА ОД ПРИСТРАСНОСТ

Бројот на потенцијален криминал од и инциденти на омраза според видот на криминалот кои штотуку беа дискутирани, се определува според два фактора: зачестеноста на појавата на основниот чин на криминал (како што е дискутирано во претходниот дел „Виктимизација поради криминал“ од овој извештај) и процентот на основните кривични дела за кои се смета дека биле мотивирани од пристрасност – со други зборови, стапката на виктимизација поради криминал од омраза за секој вид криминал. Овде е корисно да се фокусираме на процентите на секое основно кривично дело за кое се смета дека било мотивирано од пристрасност.

За да се поедностави споредбата на потенцијалните стапки на виктимизација поради криминал од омраза помеѓу различните видови криминал, корисно е да се користат петте главни групи или категории на кривични дела користени во претходниот дел од овој извештај за да се дискутира за виктимизацијата поради криминал воопшто. Се чини дека индиректната виктимизација е најверојатната категорија на криминал за која жртвите можеле да забележат мотивација од пристрасност (слика 9) – иако основните кривични дела беа забележани малку поретко од испитаниците во истражувањето отколку вербалните напади, кои се чини дека е следното најверојатно кривично дело или инцидент што се смета дека било мотивирано од пристрасност. Меѓутоа, користејќи ги стандардите за статистичка веројатност, нема разлика помеѓу овие стапки на согледана мотивација од пристрасност. Криминалот против имот беше најмалку веројатната категорија на криминал за која жртвите можеле да ја забележат мотивацијата од пристрасност.

*Слика 9: Процент на жртви кои навеле мотивација од пристрасност според категорија на криминал*




Кога се споредуваат брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година, може да се забележи дека не постои очигледен единствен модел на промени во однос на стапките на согледана мотивација од пристрасност според категорија на криминал. Процентот на жртви на потенцијална индиректна виктимизација со забележана мотивација од пристрасност се

19 ибид., стр. 85.

20 Пол Игански (2020 г.). Истражување за виктимизација поради криминал од омраза, Скопје: Мисија на ОБСЕ во Скопје, стр. 17, слика 3.

згoлеми помеѓу двете истражувања. Очигледните промени за другите категории на криминал не може да се потврдат кога се оценуваат според стандардите на статистичка веројатност.

Најчеста мотивација од пристрасност што ја согледале жртвите на криминал од и инциденти на омраза во истражувањето, вклучувало предрасуди врз основа на етничко, расно или национално потекло. Поголемиот дел од потенцијалните кривични дела од и инциденти на омраза, вклучувале таква пристрасност (слика 10). Верската пристрасност беше втората најчеста мотивација за пристрасност забележана од жртвите. Помалку од една четвртина од потенцијалните жртви на криминал од омраза во истражувањето во 2023 година верувале дека била вклучена политичка пристрасност како мотивација– забележителен очигледен пад од истражувањето во 2018 година. Надолен тренд на инциденти со политичка мотивација од пристрасност, забележа и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Северна Македонија од нивното медиумско следење на криминалот од и инцидентите на омраза.[21] Во спротивна насока, процентот на потенцијални жртви на криминал од и инциденти на омраза кои верувале дека била вклучена мотивација од пристрасност поради попреченост се зголеми помеѓу 2018 и 2023 година. Понатаму, имајќи предвид дека прашањето за таквата пристрасност им беше поставено само на испитаниците кои навеле дека имаат попреченост, стапката на виктимизација поради криминал од и инцидент на омраза кај лицата со попреченост, е многу повисока – како што е дискутирано подолу во делот „Виктимизација и карактеристики на жртвите".

*Слика 10: Мотивации од пристрасност забележани од жртвите на криминал од омраза*




Само мал дел од процентот на потенцијалните жртви на криминал од и инциденти на омраза во двата брана на истражувањето, верувале дека била вклучена пристрасност поради сексуална ориентација. Меѓутоа, имајќи предвид дека прашањето за таквата пристрасност им беше поставено само на малиот број испитаници кои се идентификуваа себеси како друго освен „хетеросексуалци", стапката на потенцијална виктимизација поради криминал од и инцидент на омраза меѓу испитаниците лезбејки, геј, бисексуалци и „други", е многу повисока – како што е дискутирано подолу во делот „Виктимизација и карактеристики на жртвите".

И, на крај, прашањето за воочена родова пристрасност како мотивација, им беше поставено само на жените жртви на криминал во посебен модул од прашалникот кој се фокусира на најсериозниот чин на криминал кој испитаниците верувале дека го доживеале во

21 Наташа Петковска (2023 г.). Годишен извештај за криминал од омраза во 2022 г., Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права, стр. 86.

изминатите 12 месеци. Затоа, наодите не се строго споредливи со релативните проценти на другите видови мотивации од пристрасност кои штотуку ги дискутиравме. Сепак, корисно е да се забележи дека во нешто повеќе од 1 од 8 потенцијални кривични дела од и инциденти на омраза опфатени во истражувањето во 2023 година, жените испитанички верувале дека чинот на криминал се случил „затоа што се жени“.

Некои од жртвите спомენале повеќе од една пристрасна мотивација вклучена во потенцијалните кривични дела и инциденти кои ги доживеале. Ова може да се утврди со испитување на најсериозните кривични дела кои ги доживеале испитаниците за кои тие верувале дека биле мотивирани од пристрасност. Најчестата повеќекратна или т.н. „интерсекциска“[22] пристрасна виктимизација, вклучувала верска припадност, комбинирана со етничко, расно или национално потекло. Од 25-те најсериозни кривични дела со воочена мотивација од пристрасност на верска основа, во 23 случаи била забележана и пристрасност кон етничка, расна или национална припадност. Сепак, блиската меѓусебна поврзаност помеѓу верската пристрасност и етничката, расната или националната пристрасност со верско мотивираните кривични дела и инциденти, е намалена за инциденти на и криминал од омраза со етничка, расна или национална пристрасност. Бројот на жртви (16) на најсериозните потенцијални кривични дела каде што била забележана таква пристрасност, не ја спомената верската пристрасност.

## ИНДИКАТОРИ ЗА ПРИСТРАСНОСТ

Индикаторите за пристрасност, за кривични дела за кои се смета дека биле мотивирани од пристрасност, даваат забележливи знаци за потенцијалната мотивација на сторителот.[23] Тие се користат како посредни докази во гонењето на криминал од омраза. Жртвата е првиот извор на таквите докази. Според тоа, истражувањето за криминалот од омраза во Северна Македонија ги праша сите жртви за потенцијалните кривични дела од и инциденти на омраза за кои сметале дека биле мотивирани од пристрасност и зошто мислат така. Различните видови кривични дела покажуваат различни модели на согледана мотивација од пристрасност – во голема мера определена од тоа дали жртвата и сторителот дошле во контакт. Бројот на жртви во истражувањето е премал за да се обезбеди споредба помеѓу видовите на криминал и прифатливите стандарди на статистичка веројатност. Сепак, корисно е да се испитаат индикативните шеми – кои се прикажани на слика 11. Со оглед на тоа што фокусот е на шемите, а не на бројките, се користи топлинска мапа.

22 Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (2020 г.). Разбирање на потребите на жртвите на криминал од омраза, Варшава: ОБСЕ ОДИХР, стр. 9.

23 Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (2014 г.). Гонење на криминал од омраза. Практичен водич, Варшава: ОБСЕ ОДИХР, стр. 46.

*Слика 11. Индикатори на пристрасност за етнички, расни или национални потенцијални кривични дела од и инциденти на омраза, 2023 г.*

| | ВЕРБАЛНИ НАПАДИ | | ИНДИРЕКТНА ВИКТИМИЗАЦИЈА | | КРИМИНАЛ ПРОТИВ ИМОТОТ | | ОДБИВАЊЕ МЕДИЦИНСКА ПОМОШ | ФИЗИЧКИ И СЕКСУАЛЕН НАПАД* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Навреди | Закани по безбедноста | Скрнавење или оштетување на гроб | Спречување или смеќавање на јавен собир | Кражба или грабеж на имот | Имотна штета | Одбивање медицинска помош | Физички напад без повреда | Физички напад со повреда |
| Што ми кажа сторителот, или зборови кои ги употреби сторителот | | | | | | | | | |
| Гестови кои ги направи сторителот | | | | | | | | | |
| Датум кога се случило тоа | | | | | | | | | |
| Место каде што се случило тоа | | | | | | | | | |
| Тоа се случило и порано | | | | | | | | | |
| Етничкото, расното или националното потекло на сторителот | | | | | | | | | |
| Вкупно (n) | [22] | [12] | [41] | [10] | [6] | [6] | [8] | [2] | [3] |
| Сите непондерирани | | | | | | | | | |
| Вредности Проценти | 0,75-1,00 | | 0,50-0,74 | | 0,25-0,49 | | 0,01-0,24 | | 0 |

*Испитаниците не наведоа сексуални напади или кривични дела за лишување од слобода со етничка, расна или национална пристрасност.

И покрај тоа што наодите може да се третираат само индикативно, очигледно е дека во потенцијалните кривични дела од и инциденти на омраза каде што жртвите и сторителите дошле во контакт, како што се случаи на вербален напад, одбивање медицинска помош и физички напади, најчестиот индикатор за пристрасност се зборовите што ги користеле сторителите. Жртвите, сведоците, па дури и косторителите, се потенцијални извори на такви докази.[24]

## СТОРИТЕЛИ

Кога жртвите на потенцијални кривични дела од и инциденти на омраза се прашуваат за сторителите, очигледно е дека не постои еден единствен вид на сторител. Дополнително, во литературата за политиките за криминал од омраза, како и од практичарите кои работат против криминалот од омраза, се препознава дека многу од сторителите се многу обични луѓе без никакви врски со екстремистички групи.[25] За тоа сведочат наодите од истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија, бидејќи жртвите беа прашани за сторителите на најсериозните кривични дела што ги доживеале (табела 1).

24 ибид., стр. 60.

25 ибид., стр. 22.

*Табела 1. Сторители на криминал од и инциденти на омраза и друг криминал и инциденти*

| | Криминал од омраза | | Друг криминал | |
|---|---|---|---|---|
| | 2018 г. | 2023 г. | 2018 г. | 2023 г. |
| Непознат | 25,2 | 27,4 | 22,8 | 13,9 |
| Не го видов сторителот | 22,2 | 6,0 | 28,5 | 28,9 |
| Некој друг од вашето соседство | 18,8 | 8,3 | 8,7 | 6,2 |
| Член на вашето домаќинство | 12,3 | 9,2 | 3,8 | 5,6 |
| Некој друг кој го познавате | 11,3 | 12,2 | 10,4 | 9,9 |
| Друг јавен службеник | 5,6 | 6,5 | 3,9 | 7,4 |
| Сосед | 4,5 | 5,9 | 9,8 | 9,9 |
| Тинејџер или група тинејџери | 4,1 | 5,2 | 2,8 | 4,1 |
| Некој од училиште или факултет | 3,5 | 3,7 | 3,6 | 2,8 |
| Фудбалски навивач/хулиган | 3,5 | -- | 0,6 | -- |
| Некој со кој работите/колега | 3,2 | 7,6 | 2,3 | 3,1 |
| Муштерија, клиент или пациент | 2,7 | 8,0 | 2,8 | 1,9 |
| Полицаец | 2,5 | 1,5 | 0,7 | 1,6 |
| Член на екстремистичка група | 0,4 | 6,8 | -- | 0,9 |
| Друго | 0,4 | 14,8 | 8,0 | 15,6 |
| Вкупно (непондерирани) | 90 | 60 | 207 | 160 |

Проценти на колони (вкупните проценти надминуваат 100% бидејќи е можен повеќекратен избор)

За жртвите на потенцијални кривични дела од и инциденти на омраза, моделот на одговор е сличен помеѓу двата брана на истражувањето. Иако некои од сторителите им биле познати на жртвите на некој начин, непознатите лица биле најчестиот вид на сторител. Жртвите ретко ги споменуваа членовите на екстремистичките групи како сторители на криминал од и инциденти на омраза.

## ЗАКЛУЧОЦИ: СПОРЕДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА ВО 2018 И 2023 Г.

Бранот на истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија во 2023 година укажува на многу поголема распространетост на потенцијална виктимизација поради криминал од омраза отколку што е наведено во официјалните податоци и податоците на НВО. Ист беше случајот и во 2018 година. Во споредба со малиот пад на вкупната стапка на потенцијална виктимизација поради криминал воопшто, како што беше дискутирано во претходниот дел од овој извештај, наодите презентирани во овој дел покажуваат дека нема промена во вкупната стапка на потенцијална виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза помеѓу 2018 и 2023 година. Следствено, како што би се очекувало, иако за некои категории на криминал опфатени со истражувањето има очигледни промени во стапките на согледана мотивација од пристрасност, не постои евидентен единствен модел на промени. Моделот на воочени различни мотивации од пристрасност за криминал од и инциденти на омраза, е, исто така, сличен помеѓу врановите на истражувањето во 2018 и 2023 година. Сепак, постои една важна разлика во однос на истражувањето во 2018 година. Процентот на криминал од и инциденти на омраза со воочена политичка пристрасност е намален. Предрасудите врз основа на етничко, расно или национално потекло остануваат најчестата согледана мотивација од пристрасност.

# 5. ВИКТИМИЗАЦИЈА СПОРЕД КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЖРТВАТА

## ВКУПНИ СТАПКИ НА ВИКТИМИЗАЦИЈА СПОРЕД РОД

Беше малку поверојатно жените испитаници отколку мажите испитаници да пријават дека биле жртва на каков било потенцијален чин на криминал во изминатите 12 месеци пред истражувањето (25,0% од жените: 22,9% од мажите). Вкупната стапка на виктимизација се зголемува (на 28,2%) за жените испитанички како група од 2023 година од општините опфатени во истражувањето во 2018 година, што е малку пониско од стапката (28,7%) за мажите испитаници како група од општините опфатени во истражувањето во 2018 година. Во истражувањето во 2018 година, повисоки проценти – 35,4% од мажите, 30,7% од жените – изјавиле дека биле жртви на каков било чин на криминал во изминатите 12 месеци.

Меѓутоа, ниту една од разликите помеѓу жените и мажите во вкупните стапки на потенцијална виктимизација поради криминал, за двата брана на истражувањето, не може да се потврди кога се оценуваат според стандардите на статистичка веројатност. Исто така, очигледниот мал пад во стапката на виктимизација кај жените од 2018 година, не докажува промена кога се оценува според стандардите за статистичка веројатност. Меѓутоа, падот на вкупната стапка на виктимизација кај мажите од 2018 година, може да се потврди според стандардите за статистичка веројатност.

Накусо, истражувањето во 2023 година не укажува на разлика во вкупните стапки на виктимизација поради криминал помеѓу мажите и жените. Меѓутоа, тоа потенцијално покажува намалување на вкупната стапка на виктимизација поради криминал кај мажите во споредба со истражувањето во 2018 година.

## РОД И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Не постои очигледна разлика помеѓу жените и мажите во бранот на истражувањето во 2023 година за вкупната стапка на потенцијална виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза. Една од дванаесет жени (8,5%) и еден од дванаесет мажи (8,6%) изјавиле дека биле жртва на најмалку еден потенцијален чин на криминал од и инцидент на омраза во изминатите 12 месеци. Исто така, не постои очигледна разлика помеѓу жените и мажите во бранот на истражувањето во 2018 година за вкупната стапка на виктимизација поради криминал од омраза. Сепак, вкупните стапки на виктимизација поради криминал од омраза во 2018 година (жени 15,1%: мажи 15,2%) беа речиси двојно повисоки од 2023 година. Но, малите разлики во стапките според родот меѓу двете истражувања, се отстранети за испитаниците во истражувањето во 2023 година од општините опфатени во 2018 година (жени 13,7%: мажи 15,9%), кога се оценуваат според стандардите за статистичка веројатност.

Да сумираме, не постои очигледна разлика помеѓу жените и мажите во вкупната стапка на потенцијална виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза во бранот на истражувањето во 2023 година. Истото беше случај и во 2018 година. Исто така, нема очигледна промена во стапките на потенцијална виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза за жените и мажите меѓу двете истражувања.

## ВОЗРАСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

Во бранот на истражувањето во 2018 година, било поверојатно помладите испитаници отколку постарите испитаници да пријават дека биле жртва на потенцијален чин на криминал или инцидент во изминатите 12 месеци – како што може да се види кога испитаниците се категоризираат во три возрасни групи (слика 12). Ова е случај и за мажите и за жените.

*Слика 12: Виктимизација поради криминал според возрасна група*




Сепак, поврзаноста помеѓу порастот на возраста и опаѓањето на потенцијалната виктимизација поради криминал и инциденти, не е очигледна за сите испитаници во 2023 година како група, ниту за испитаниците во рамките на таа група од општините опфатени во 2018 година. Ова може да биде поврзано со поголема стапка на потенцијална виктимизација поради криминал и инциденти меѓу луѓето со попреченост во 2023 година и поголем дел од 55-годишниците и постарите кои имаат долготрајно заболување или попреченост, како што е дискутирано подолу.

## ВОЗРАСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Виктимизацијата поради криминал од омраза се јавува кај целиот старосен опсег на испитаниците. Меѓутоа, во 2018 година, имало поголема веројатност помладите испитаници отколку постарите испитаници да пријават дека биле жртва на потенцијален чин на криминал од и инцидент на омраза во изминатите 12 месеци (слика 13).

*Слика 13: Виктимизација поради криминал според возрасна група*




Но, поврзаноста помеѓу порастот на возраста и опаѓањето на потенцијалната виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза, не е очигледна за сите испитаници во 2023 година како група, ниту за испитаниците во рамките на таа група од општините опфатени во 2018 година. Како што е случајот со искуството со криминал воопшто, ова може да биде поврзано со поголема стапка на потенцијална виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза меѓу луѓето со попреченост во 2023 година и поголем дел од 55-годишниците и постарите кои имаат долготрајно заболување или попреченост, како што е дискутирано подолу.

## ПОПРЕЧЕНОСТ И СТАПКИ НА ВИКТИМИЗАЦИЈА

Нешто повеќе од еден од осум испитаници (13,3%) во бранот на истражувањето во 2023 година, изјавил дека имал физичка или ментална здравствена состојба или заболување кое траело или се очекувало да трае 12 месеци или повеќе. Ова се зголемува на речиси еден од пет испитаници (19,1%) од општините опфатени во 2018 година во бранот во 2023 година. Тоа е нешто повеќе од 18,0% од испитаниците во 2018 година со попреченост. Сепак, разликата не докажува никаква промена помеѓу двете истражувања кога се оценува според стандардите на статистичка веројатност.

Во двете истражувања, имало поголема веројатност испитаниците со долготрајна физичка или ментална здравствена состојба или заболување да пријават дека биле жртва на потенцијален чин на криминал или инцидент во изминатите 12 месеци, во споредба со оние без попреченост:

- (45,4%:20,7%) за сите испитаници во бранот на истражувањето во 2023 година;
- (53,2%:22,6%) за испитаници од општините опфатени во 2018 година во бранот на истражувањето во 2023 година;
- (37,9%:31,9%) за сите испитаници во бранот на истражувањето во 2018 година.[26]

26 Оваа очигледна разлика не е потврдена кога се проценува според стандардите на статистичка веројатност.

Забележливо е дека имало поголема веројатност поголемиот дел од испитаниците со попреченост од општините опфатени во 2018 година во бранот на истражувањето во 2023 година да пријават дека биле жртва на потенцијален чин на криминал или инцидент во изминатите 12 месеци во споредба со испитаниците со попреченост во бранот на истражувањето во 2018 година – што укажува на промена помеѓу двата брана на истражувањето.

## ПОПРЕЧЕНОСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Речиси една четвртина - 24,2% од сите испитаници во истражувањето во 2023 година, кои навеле дека имале физичка или ментална здравствена состојба или заболување кое траело или се очекувало да трае 12 месеци, доживеале потенцијален чин на криминал од и инцидент на омраза во изминатите 12 месеци во споредба со 6% од испитаниците без попреченост. Во случајот на испитаници од општините опфатени во 2018 година во бранот на истражувањето во 2023 година, стапката на виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза се зголемува на 34,4% во споредба со 18,4% во 2018 година, и, како што е случајот со виктимизацијата поради криминал воопшто за лицата со попреченост, укажува на промена помеѓу двата брана на истражувањето.

## ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА

Бројот на испитаници од етничките и националните малцинства во бранот на истражувањето во 2023 година е премногу мал за веродостојно да се направат споредби помеѓу сите групи во врска со нивното пријавено искуство со потенцијален чин на криминал од и инциденти на омраза, како и криминал без воочена мотивација од пристрасност (табела 2). Истото ограничување влијае на споредбата помеѓу брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година. Единствената веродостојна споредба, кога се разгледува бројот на испитаниците, е за албанските и македонските испитаници:

- Во бранот од 2023 година, споредено со албанските испитаници, речиси двојно повеќе од македонските испитаници од општините опфатени во 2018 година, доживеале барем еден потенцијален чин на криминал или инцидент во изминатите 12 месеци (Албанци 17,9%: Македонци 35,40%);
- За другите општини опфатени во 2023 година, имаше многу мала разлика во стапките на виктимизација помеѓу албанските и македонските испитаници (Албанци 21,8%:Македонци 20.2%);
- Во случај на потенцијалната виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза, споредбата на истражувањето во 2018 со испитаниците во 2023 година како група од општините опфатени во 2018 година, покажува дека стапките на виктимизација останале непроменети меѓу двата брана на истражувањето (малите забележливи разлики не се потврдени со стандардите за статистичка веројатност);
- Правејќи ја истата споредба помеѓу 2018 и 2023 година, за потенцијалната виктимизација поради криминал воопшто, очигледно е дека има пад на стапката на виктимизација за испитаниците Албанци како група од 2018 година, додека стапката остана непроменета за испитаниците Македонци како група.

*Табела 2: Етничка припадност и потенцијална виктимизација*

| | Истражување во 2018 г. | | | Општини опфатени во 2018 г. во истражувањето во 2023 г. | | | Други општини опфатени во истражувањето во 2023 г. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Криминал од омраза | Сите кривични дела | n | Криминал од омраза | Сите кривични дела | n | Криминал од омраза | Сите кривични дела | n |
| Албанци | 9,9 | 25,0 | 592 | 10,6 | 17,9 | 187 | 7,4 | 21,8 | 181 |
| Бошњаци | 25,0 | 32,0 | [29] | 50,0 | 75,0 | [5] | 80,0 | 80,0 | [9] |
| Македонци | 17,1 | 36,7 | 693 | 16,1 | 35,4 | 246 | 3,2 | 20,2 | 844 |
| Роми | 46,2 | 61,5 | [37] | 14,3 | 14,3 | [10] | 28,6 | 41,2 | [33] |
| Срби | 22,2 | 40,0 | [44] | 14,3 | 25,0 | [12] | 41,7 | 75,0 | [14] |
| Турци | 10,9 | 36,4 | 58 | 26,3 | 47,4 | [15] | 2,6 | 13,2 | [32] |
| Власи | 16,7 | 50,0 | [31] | 0,0 | 0,0 | [3] | 0.0 | 0.0 | [9] |

## РЕЛИГИЈА И ВИКТИМИЗАЦИЈА

Во 2018 година, имало поголема веројатност христијанските испитаници, за разлика од муслиманските испитаници, да пријават дека биле жртва на каков било чин на криминал или инцидент во изминатите 12 месеци (36% од христијаните: 28,1% од муслиманите). Исто така, имало поголема веројатност христијанските испитаници, за разлика од муслиманските испитаници, да пријават дека биле жртва на потенцијален чин на криминал од и инцидент на омраза во изминатите 12 месеци (16,8% од христијаните: 12,7% од муслиманите). Во случај на потенцијалната виктимизација поради криминал од и инциденти на омраза, споредбата на истражувањето во 2018 со испитаниците во 2023 година како група од општините опфатени во 2018 година, покажува дека стапките на виктимизација и за христијанските и за муслиманските испитаници како групи, останале непроменети меѓу двата брана на истражувањето (16,1% од христијаните: 12,4% од муслиманите). Сепак, за потенцијалната виктимизација поради криминал воопшто, додека стапката на виктимизација остана непроменета за христијанските испитаници како група, има пад на стапката на виктимизација за муслиманските испитаници како група од 2018 година (34,4% од христијаните: 20,9% од муслиманите).

## СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И ВИКТИМИЗАЦИЈА

Големо мнозинство од испитаниците во двата брана на истражувањето кажале дека се хетеросексуалци – кога биле прашани за нивната сексуална ориентација (табела 2). Значителен број од испитаниците кажале дека „претпочитаат да не одговорат“. Во бранот во 2018 година, 20 од 28 испитаници кои кажале дека се бисексуалци, хомосексуалци или асексуалци, навеле дека биле жртва на потенцијален чин на криминал или инцидент во изминатата година, а 17 кажале дека биле жртва на потенцијален чин на криминал од и инцидент на омраза. Овие стапки се многу повисоки од стапките за испитаниците хетеросексуалци. Во бранот на истражувањето во 2023 година, само шест од испитаниците кажале дека се или бисексуалци или асексуалци, а ниту еден не избрал „хомосексуалец“. Оваа многу мала бројка оневозможува споредба помеѓу двата брана на истражувањето.

*Табела 3: Испитаници во истражувањето според сексуална ориентација во 2018 и 2023 г.*

| | 2018 г.<br>% | 2018 г.<br>n | 2023 г.<br>% | 2023 г.<br>n |
|---|---|---|---|---|
| Хетеросексуалец | 88,6 | 1340 | 92,9 | 1499 |
| Бисексуалец | 0,6 | 9 | 0,2 | 2 |
| Хомосексуалец | 0,4 | 8 | 0,0 | 0 |
| Асексуалец | 1,7 | 11 | 0,2 | 4 |
| Друго | 0,6 | 10 | 3,4 | 54 |
| Претпочита да не одговори | 8,3 | 132 | 3,4 | 55 |

# 6. ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ПОЛИЦИЈА

Повеќето прашања во истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија за полициско постапување по кривични дела и инциденти беа поставени во модулот за најсериозните кривични дела. Овој дел од извештајот ги прикажува резултатите од тие прашања, со споредби помеѓу брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година, каде што бројот на испитаници е доволен за анализа.

## СТАПКИ НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Само една третина – 33,6% од сите најсериозни кривични дела наведени од жртвите во бранот на истражувањето во 2023 година, биле пријавени во полиција во споредба со 42,1% во 2018 година. Сепак, оваа разлика е целосно отстранета за испитаниците во 2023 година како група од општините опфатени во 2018 година, бидејќи 42% од најсериозните кривични дела биле пријавени во полиција.

Ако се фокусираме на криминалот од и инцидентите на омраза, нешто помалку од четири од десет (37%) од најсериозните кривични дела за кои се смета дека биле мотивирани од пристрасност, кои ги доживеале испитаниците во 2023 година како група од општините опфатени во 2018 година, биле пријавени во полиција. Тоа е многу близу до стапката на пријавување од 39,8% за најсериозните кривични дела за кои се смета дека биле мотивирани од пристрасност во бранот на истражувањето во 2018 година и не докажува промена кога се оценува според стандардите на статистичка веројатност.[27]

Повисоки проценти на жртви на најсериозните кривични дела кои не биле мотивирани од пристрасност ги пријавиле во полиција: 45,7% во 2023 година и 43,3% во 2018 година. Сепак, оваа мала разлика помеѓу двата брана на истражувањето, исто така, е еродирана кога се оценува според стандардите на статистичка веројатност – како што се очигледните разлики во секој од двата брана на истражувањето помеѓу жртвите на криминал и инциденти мотивирани од пристрасност или поинаку мотивирани кривични дела и инциденти.[28]

## СТАПКИ НА ПРИЈАВУВАЊЕ СПОРЕД ВИД НА КРИМИНАЛ

Различни видови криминал имаат различни стапки на пријавување во полиција. Ова е корисно да се разбере, за да се разгледа како може да влијае на стапките на пријавување кривични дела од и инциденти на омраза во споредба со чинови на кривични дела и инциденти кои не биле мотивирани од пристрасност, со оглед на тоа што процентите за кои се смета дека биле мотивирани од пристрасност, се разликуваат помеѓу различните видови криминал.

Жртвите на секој вид криминал во главниот модул за криминал на истражувањето, беа прашани колкупати го доживеале чинот на криминал во изминатите 12 месеци, а колку од нив ги пријавиле во полиција. Сепак, потенцијалот за испитување на стапките на пријавување

27 Иако овде треба да се внимава при толкувањето со оглед на малиот вкупен број (n=31) за најсериозните кривични дела за кои се смета дека се пристрасно мотивирани доживеани од испитаниците во 2023 г. како група од општините од 2018 г., поучно е да се забележи и дека дури и ако вкупните збирови беа десеткратно зголемени, сепак нема да има статистичка значајна разлика.

28 Исто така, дури и ако вкупните збирови се десеткратно зголемени, сепак нема да има статистички значајна разлика.

за секој од видовите на криминал, споредувајќи ги чиновите на криминал и инцидентите мотивирани од пристрасност со чиновите на криминал и инцидентите кои не биле мотивирани од пристрасност, е ограничен со бројот на жртви во истражувањето. Сепак, ова може да се надмине со комбинирање на податоците од двата брана на истражувањето и користење на петте главни групи на криминал за споредба. Најверодостојниот одговор за споредба помеѓу групите на криминал се процентите на испитаници кои изјавиле дека кривичното дело или инцидентот, не биле пријавени во полиција. Наодите јасно покажуваат широка варијација во стапките на пријавување помеѓу различните категории на криминал (табела 3). Имало најмала веројатност кривичните дела и инцидентите кои вклучуваат одбивање на медицинска помош да бидат пријавени во полиција. Вербалните напади, без разлика дали навреди или закани, биле следните со најмала веројатност да бидат пријавени. Спротивно на тоа, само мал дел од криминалот против имотот, не биле пријавени во полиција.[29]

*Табела 4: Жртви кои не ги пријавиле кривичните дела или инцидентите кои ги доживеале во полиција – според мотивација од пристрасност и категорија на криминал*

| | Криминал од и инциденти на омраза | | Криминал и инциденти без согледана мотивација од пристрасност | | Сите | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на криминал | % | n | % | n | % | n |
| Вербални напади | 65,8 | 175 | 77,8 | 233 | 72,3 | 408 |
| Индиректна виктимизација | 11,5 | 138 | 27,2 | 170 | 19,7 | 308 |
| Одбиена медицинска помош | 91,1* | [49] | 94,3* | 89 | 93,2 | 138 |
| Криминал против имотот | 18,4* | [48] | 28,1* | 217 | 26,7 | 265 |
| Напад | 45,0* | [29] | 51,0* | 56 | 49,3 | 85 |

Комбинирани бранови на истражување за криминал од омраза во Северна Македонија во 2018 и 2023 г.
Проценти на редови
** Очигледната разлика помеѓу* криминалот од и инцидентите на омраза и кривичните дела и инцидентите без мотивација од пристрасност, не е статистички значајна.

Додека анализата на најсериозните кривични дела и инциденти не покажува разлика во стапките на пријавување помеѓу оние со воочена мотивација од пристрасност и оние без – како што беше дискутирано погоре, се чини дека анализата на стапките на пријавување за одделните групи на криминал, користејќи одговор од главниот модул за криминал на истражувањето, покажуваат конзистентен модел: имало помала веројатност кривичните дела и инцидентите со воочена мотивација од пристрасност да не бидат пријавени (со други зборови, поголема е веројатноста да бидат пријавени) во споредба со оние без мотивација од пристрасност. Сепак, очигледните разлики може да се потврдат само според стандардите на статистичка веројатност за вербални напади и индиректна виктимизација. Сепак, се чини дека овие наоди се противат на конвенционалното сфаќање дека криминалот од омраза „е меѓу најнепријавените кривични дела“.[30]

29 Истото се чини дека е случај и со индиректната виктимизација. Сепак, во споредба со другите категории на криминал, многу поголем дел, речиси половина од жртвите на индиректен криминал, изјавиле дека не знаеле дали тоа било пријавено или не - што веројатно укажува дека тие не биле сигурни дали некој друг, како што се властите на гробиштата, го пријавил тоа, со оглед на тоа што прашањето од истражувањето „Колку од овие настани се пријавени во полиција?“, не прашува конкретно дали испитаникот бил тој што го пријавил.

30 ОБСЕ ОДИХР (2020 г.) Жртви на криминал од омраза во системот на кривичната правда. Практичен водич, Варшава: Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права, стр. 43.

## ПРИЧИНИ ЗА НЕПРИЈАВУВАЊЕ НА КРИМИНАЛ И ИНЦИДЕНТИ ВО ПОЛИЦИЈА

Прашањето за тоа зошто жртвите не пријавиле кривични дела во полиција, беше вклучено во модулот на истражувањето кој се фокусира на најсериозните кривични дела кои ги доживеале испитаниците. Меѓутоа, бројот на жртвите во истражувањето во 2023 година кои не го пријавиле во полиција најсериозното кривично дело што го доживеале, се премали за веродостојно да се споредат со бранот на истражувањето во 2018 година. Сепак, корисно е да се земат предвид причините дадени од сите жртви, во двата брана на истражувањето заедно, кои не го пријавиле во полиција најсериозниот чин на криминал што го доживеале – со оглед на поголемиот број на испитаници (табела 4).

*Табела 5: Причини зошто најсериозните кривични дела не биле пријавени во полиција*

| | Криминал од и инциденти на омраза | Криминал и инциденти без согледана мотивација од пристрасност | Сите |
|---|---|---|---|
| | % | % | % |
| Сами се справиле со проблемот/Со помош од семејството или пријателите | 19,3 | 22,4 | 21,5 |
| Не биле уверени дека полицијата би можела да направи нешто | 37,6 | 18,6 | 24,5 |
| Премногу безначајно/не вредело да се пријави | 17,3 | 19,0 | 18,4 |
| Тоа е вообичаен начин/нешто што едноставно се случува | 30,7 | 12,6 | 18,3 |
| Полицијата би се ангажирала/не би била заинтересирана | 12,6 | 6,3 | 8,2 |
| Страв од заплашување од сторителите доколку го пријавеле инцидентот | 13,1 | 9,3 | 10,5 |
| Загрижени за негативните последици доколку пријавеле | 12,7 | 13,4 | 13,2 |
| Антипатија кон/страв од полицијата/претходно лошо искуство со полицијата | 1,9 | 9,9 | 7,4 |
| Непријатност/премногу бирократија или мака/немале време | 7,6 | 7,5 | 7,5 |
| Пријавиле кај други власти наместо во полиција | 3,0 | 1,9 | 2,3 |
| Проблеми со дозволата за престој – затоа не можеле да пријават | -- | 0,8 | 0,6 |
| Се обиделе да пријават, но полицијата не била заинтересирана | 1,8 | 0,4 | 0,8 |
| Не пријавиле поради јазични тешкотии | -- | 1,5 | 1,0 |
| Вкупно (непондерирани n) | 89 | 208 | 297 |

Комбинирани бранови на истражување за криминал од омраза во Северна Македонија во 2018 и 2023 г.
Проценти на колони (вкупните проценти надминуваат 100, бидејќи е можен повеќекратен избор)

Клучната разлика се издвојува од споредувањето на жртвите на криминал и инциденти мотивирани од пристрасност со жртвите на поинаку мотивирани кривични дела и инциденти кои се однесуваат на причините за непријавување. Процентот на најсериозните кривични дела и инциденти кои се сметаат дека биле мотивирани од пристрасност за кои жртвите изјавиле дека „не верувале дека полицијата би можела да направи нешто“ и дека „е чест настан или нешто што едноставно се случува“, се двојно повисоки од процентот на жртви на најсериозните кривични дела и инциденти кои не биле мотивирани од пристрасност кои ги навеле истите причини. Овие наоди не мора да имплицираат критика за полицијата, особено затоа што само многу мал процент од жртвите на кривични дела и инциденти мотивирани од пристрасност навеле „антипатија кон или страв од полицијата“ или „претходно лошо искуство со полицијата“ како причина за непријавување. Тие може да одразуваат став од страна на жртвите дека дури и ако се истражат, полицијата не би можела да стори ништо од различни причини.

# 7. ПОСТВИКТИМИЗАЦИСКО ВЛИЈАНИЕ И ЗАГРИЖЕНОСТ ПОРАДИ КРИМИНАЛ

Бранот на истражувањето за криминал од омраза во 2018 година истражуваше различни видови на поствиктимизациско влијание, идентификувани во истражувањето и литературата за политиките до денес – социоемоционално, психолошко, психосоматско и бихејвиорално влијание – споредувајќи ги жртвите на потенцијални кривични дела и инциденти за кои се верува дека биле мотивирани од пристрасност со жртвите на потенцијални кривични дела и инциденти без таква согледана мотивација. За секоја од мерките на поствиктимизицискoто влијание, наодите покажаа дека имало поголема веројатност жртвите на криминал од и инциденти на омраза како група да пријават повисоки нивоа на влијание отколку жртвите на другите кривични дела. Сепак, не можат да се потврдат многу од очигледните разлики кога се оценуваат според стандардите на статистичка веројатност поради големината на примероците на учесниците во истражувањето.

Бранот на истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија во 2023 година, исто така, го мери поствиктимизациското влијание во споредба со влијанието на кривичните дела без согледана мотивација од пристрасност. Корисно е да се испитаат наодите за двата брана на истражувањето за некои клучни мерки на поствиктимизациското влијание, каде што разликите помеѓу жртвите на потенцијални кривични дела од и инциденти на омраза и жртвите на друг криминал и инциденти, може да се потврдат според стандардите на статистичка веројатност.

## ЗАСЕГНАТОСТ СО ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

Испитаниците во истражувањето беа прашани за најсериозното кривично дело што го доживеале: „Генерално, колку бевте засегнати?“. Забележително, имаше ист модел на одговор во секој бран на истражувањето (табела 6). Беше повеќе веројатно жртвите на криминал од омраза за разлика од жртвите на друг криминал да наведат дека биле „многу“ засегнати од нивното искуство со виктимизација – иако во 2018 година, разликата не може да се докаже според стандардите на статистичка веројатност.

*Табела 6: Засегнатост со виктимизација поради криминал*

| | Криминал од омраза | | Друг криминал | |
|---|---|---|---|---|
| | 2018 г. | 2023 г. | 2018 г. | 2023 г. |
| Генерално, колку бевте засегнати? | | | | |
| Многу | 27,7* | 28,6 | 22,1 | 13,8 |
| Мошне многу | 38,7* | 46,4 | 30,0 | 37,4 |
| Малку | 33,6 | 25,0 | 47,9 | 48,9 |
| Непондериран *n* | *90* | *60* | *207* | *160* |

Проценти на колони

** Очигледната разлика помеѓу* криминалот од и инцидентите на омраза и кривичните дела и инцидентите кои не биле мотивирани од пристрасност, не е статистички значајна.

## СОЦИОЕМОЦИОНАЛНО ВЛИЈАНИЕ

Во двата брана на истражувањето, имало двојно поголема веројатност жртвите на криминал од омраза како група, за разлика од жртвите на друг криминал, да наведат дека имале значителни проблеми со членовите на семејството или пријателите како последица на нивното искуство со криминал (табела 7).

*Табела 7: Социоемоционални проблеми по виктимизацијата поради криминал*

| | Криминал од омраза | | Друг криминал | |
|---|---|---|---|---|
| | 2018 г. | 2023 г. | 2018 г. | 2023 г. |
| Дали тоа што сте биле жртва на овој криминал довело до значителни проблеми со членовите на семејството или пријателите, вклучително и влегување во повеќе расправии или кавги отколку што сте имале претходно, како да се чувствувате дека повеќе не можете толку многу да им верувате? | | | | |
| Да | 30,6 | 21,4 | 13,3 | 9,2 |
| Не | 67,7 | 78,6 | 84,3 | 90,2 |
| Не знам | 1,7 | 0 | 2,4 | 0,4 |
| Дали тоа што сте биле жртва на овој криминал, довело до тоа да имате значителни проблеми со работата или училишните работи, или проблеми со вашиот шеф, колегите или врсниците? | | | | |
| Да | 15,5 | 27,3 | 7,5 | 11,6 |
| Не | 84,5 | 72,7 | 91,9 | 88,4 |
| Не знам | 0,0 | 0,0 | 0,5 | 0,0 |
| Непондериран n | 90 | 60 | 207 | 160 |

Исто така, било двапати поверојатно тие да наведат дека имале значителни проблеми на училиште или работа по нивното искуство со криминал.

## ПСИХОЛОШКО ВЛИЈАНИЕ

Двата брана на истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија вклучија мерки за поствиктимизациско психолошко влијание. Наодите од бранот од 2018 година, покажаа дека имало поголема веројатност жртвите на криминал од и инциденти на омраза како група да пријават повисоки нивоа на психолошко влијание отколку жртвите на друг криминал. Сепак, многу од очигледните разлики не можат да се потврдат кога се оценуваат според стандардите на статистичка веројатност поради големината на примерокот. Меѓутоа, кога ќе се спојат брановите од 2018 и 2023 година (слика 14), повеќето од очигледните разлики помеѓу жртвите на потенцијален криминал од и инциденти на омраза како група и жртвите на друг потенцијален криминал и инциденти, може да се потврдат според стандардите на статистичка веројатност – освен тоа што доживеале гнев и тешкотии со спиењето.

*Слика 14: Психолошко влијание од виктимизација поради криминал од омраза*




## ЗАГРИЖЕНОСТ ПОРАДИ ПОТЕНЦИЈАЛНА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

Она што е многу помалку испитувано во меѓународната литература за истражување и политики е поврзаноста помеѓу вистинската виктимизација поради криминал од омраза и загриженоста за потенцијалната виктимизација. Таквата поврзаност беше истражена во бранот на истражувањето за криминал од омраза во 2018 година, што понуди уникатни сознанија за односот помеѓу виктимизацијата поради криминал и загриженоста за криминал. Тоа откри јасен модел на разлика помеѓу испитаниците на истражувањето кои биле жртви на потенцијални кривични дела од и инциденти на омраза и жртви на други потенцијални кривични дела и инциденти. Забележително, за поголемиот дел од мерките кои се однесуваат на загриженоста за потенцијална виктимизација поради криминал, беше поверојатно жртвите на криминал од омраза во истражувањето отколку жртвите на друг криминал, да наведат дека биле прилично или многу загрижени.[31]

Имајќи предвид дека прашањето за поврзаноста помеѓу вистинската виктимизација поради криминал од омраза и загриженоста за потенцијална виктимизација останува релативно неистражено, овој дел од извештајот ги носи сознанијата понатаму со споредување на наодите од брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година. Тој дополнително ја испитува загриженоста за криминал на лицата кои навеле дека не биле жртви на криминал во двете истражувања за да се обезбеди можна индикација за чувството на несигурност и промени со текот на времето (табела 8).

Од наодите претставени во табела 8, се издвојуваат неколку шеми:

- За секој од индикаторите кои се однесуваат на загриженоста за потенцијална виктимизација поради криминал, испитаниците кои во истражувањето навеле дека доживеале кривично дело или инцидент во изминатите 12 месеци, биле позагрижени од оние кои не доживеале никакво кривично дело;
- Испитаниците кои доживеале криминал од и инциденти на омраза во изминатите 12 месеци биле позагрижени од оние кои доживеале кривично дело и инциденти за кои сметале дека не биле мотивирани од пристрасност – со неколку исключоци.

31 Забележаната разлика во загриженоста за физички напад поради етничко, расно, национално или религиско потекло, не би била статистички значајна доколку податоците се генерираат од примерок на веројатност.

*Табела 8: Загриженост поради потенцијална виктимизација поради криминал*

| | Истражување во 2018 г. | | | Општини опфатени во 2018 г. во истражувањето во 2023 г. | | | Други општини опфатени во истражувањето во 2023 г. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Криминал од омраза | Друг криминал | Не е жртва на криминал | Криминал од омраза | Друг криминал | Не е жртва на криминал | Криминал од омраза | Друг криминал | Не е жртва на криминал |
| Колку безбедно или небезбедно се чувствувате додека се шетате сами навечер во областа каде што живеете? | | | | | | | | | |
| Малку небезбедно или многу небезбедно | 43,5 | 35,3 | 25,1 | 39,4 | 31,3 | 18,1 | 47,7 | 26,8 | 17,2 |
| Колку сте загрижени или незагрижени дека некој ќе ви упадне во домот и ќе ви украде нешто? | | | | | | | | | |
| Прилично или многу загрижени | 61,6 | 69,3 | 52,7 | 77,5 | 49,3 | 41,8 | 55,4 | 49,7 | 28,0 |
| Колку сте загрижени или незагрижени дека ќе ве нападнат или ограбат? | | | | | | | | | |
| Прилично или многу загрижени | 65,9 | 67,3 | 45,0 | 61,1 | 49,3 | 36,1 | 53,8 | 42,4 | 21,3 |
| Колку сте загрижени или незагрижени за можноста да ви го украдат имотот? | | | | | | | | | |
| Прилично или многу загрижени | 66,4 | 68,8 | 46,1 | 69,4 | 52,2 | 37,5 | 60,0 | 48,1 | 26,4 |
| Колку сте загрижени или незагрижени дека ќе бидете физички нападнати од непознати лица? | | | | | | | | | |
| Прилично или многу загрижени | 61,3 | 57,4 | 42,6 | 49,3 | 44,8 | 32,4 | 56,9 | 34,4 | 20,0 |
| Колку сте загрижени или незагрижени дека ќе бидете предмет на физички напад поради вашето етничко, расно или национално потекло или религија? | | | | | | | | | |
| Прилично или многу загрижени | 56,8 | 50,6 | 32,7 | 48,6 | 28,8 | 29,6 | 47,7 | 24,0 | 11,7 |
| Колку сте загрижени или незагрижени дека ќе бидете малтретирани, тормозени или вознемирувани на јавни места или на училиште, факултет или работа, поради вашето етничко, расно или национално потекло или религија? | | | | | | | | | |
| Прилично или многу загрижени | 51,5 | 41,3 | 28,8 | 39,4 | 21,2 | 28,1 | 38,5 | 21,9 | 12,9 |
| Колку сте загрижени или незагрижени за можноста да бидете сексуално нападнати? | | | | | | | | | |
| Прилично или многу загрижени | 39,3 | 33,5 | 27,2 | 19,4 | 31,3 | 23,8 | 29,2 | 20,8 | 9,4 |
| Колку сте загрижени или незагрижени за можноста да бидете навредени или да ви се заканат на социјалните медиуми? | | | | | | | | | |
| Прилично или многу загрижени | 36,7 | 21,6 | 21,9 | 23,6 | 19,4 | 22,3 | 30,8 | 23,4 | 10,4 |
| Никогаш не користам социјални медиуми | 18,3 | 27,9 | 28,6 | 19,4 | 10,4 | 20,9 | 27,7 | 24,5 | 22,0 |
| Непондериран n | 260 | 295 | 955 | 64 | 77 | 341 | 63 | 184 | 885 |

- Постои надолен тренд на загриженоста за криминал помеѓу 2018 и 2023 година (слика 15). Ова е случај за секој индикатор на загриженост за испитаниците кои не биле жртви на кривични дела и оние кои биле жртви на кривични дела или инциденти во изминатите 12 месеци за кои не сметале дека биле мотивирани од пристрасност. Исто така, има надолен тренд помеѓу 2018 и 2023 година за жртвите на кривични дела од и инциденти на омраза за повеќето индикатори, освен загриженоста дека ќе им упаднат во домот и нешто ќе им биде украдено, а нивниот имот ќе биде украден на друг начин.

*Слика 15: Загриженост поради криминал*



# 8. ЗАКЛУЧОЦИ

Наодите од истражувањето презентирани во овој извештај, многу забележително покажуваат дека постои тесна согласност помеѓу брановите во 2018 и 2023 година на истражувањето за криминал од омраза во Северна Македонија. Бранот во 2023 година укажува на многу поголема распространетост на виктимизација поради криминал од омраза отколку што сугерираат официјалните податоци и податоците на НВО. Истото беше случај и во 2018 година. Сепак, врз основа на споредбите помеѓу брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година, стапките на потенцијална виктимизација поради кривични дела од и инциденти на омраза во голема мера останаа непроменети.

И покрај непроменливата природа на наодите од истражувањето за потенцијален криминал од и инциденти на омраза помеѓу 2018 и 2023 година, постојат одредени индикации за движење во насока на мал пад на вкупните стапки на виктимизација поради криминал воопшто, што се чини дека одговара на малиот надолен тренд на криминалот во изминатите неколку години, како што укажува официјалната статистика. Но, разликите сѐ уште не се доволно значајни за да сигнализираат промена помеѓу 2018 и 2023 година за сите специфични кривични дела за кои беше прашано во истражувањето, кога се оценуваат според конвенционалните стандарди на статистичка веројатност.

Стапките на пријавување на потенцијален криминал и инциденти во полиција, исто така, останаа непроменети помеѓу 2018 и 2023 година. Помала е веројатноста кривичните дела и инцидентите со воочена мотивација од пристрасност, да не бидат пријавени во полиција, во споредба со потенцијалните кривични дела и инциденти за кои се смета дека не биле мотивирани од пристрасност.

Сепак, забележливо е дека процентот на потенцијален криминал од и инциденти на омраза со воочена политичка пристрасност, е намален. Исто така, забележливо е дека постои надолен тренд на загриженоста за потенцијална виктимизација поради криминал од 2018 година.

Конечно, од методолошка перспектива, блиското усогласување на резултатите од брановите на истражувањето во 2018 и 2023 година, укажува дека дизајнот на истражувањето обезбедува веродостоен и економичен пристап за истражување на распространетоста на потенцијалниот криминал од и инциденти на омраза.